Оглас за вработување во ГД Гранит АД Скопје

ГД Гранит АД Скопје е најголемиот македонски градежен изведувач, чија основна дејност е изградбата на патишта и автопатишта, бренд кој е препознатлив и надвор од границите на Република Северна Македонија. Главните активности на ГД Гранит АД Скопје се градежни активности од областа на високо и ниско градбата, со концентрација на капиталните Проекти кои се обемни и значајни како по нивната големина така и по нивната сложеност.

ГД Гранит АД Скопје има потреба од

Извршител за безбедност и заштита при работа и заштита на животна средина на

Проект: Кичево-Охрид- 1 извршител

Кандидатите потребно е да ги исполнуваат следните услови:

- ВСС Дипломиран инженер за заштита при работа, инженер по заштита на животна средина или дипломиран инженер од техничките струки
- Предност ќе имаат кандидатите кои поседуваат уверение за положен стручен испит за безбедност при работа или кандидат кој ќе ги исполнува условите за добивање на уверението / со лиценца за експерт за оценка на влијание врз животна средина
- Предност ќе имаат кандидатите со работно искуство на исто или слично работно место
- Познавање на англиски јазик и работа со компјутери
- Да поседува возачка дозвола Б категорија/активен возач

Клучни одговорности и задачи

- Ги следи законите од областа на безбедност и здравје при работа
- Ги следи законите од областа на животна средина
- Изработува документација за заштита на животна средина, безбедност и здравје при работа и социјални аспекти согласно барањата за Проектот во согласност со македонските закони и барањата на Инвеститорот и главниот изведувач
- Ја координира заштитата при работа на Проектот и води евиденција за сите активности за заштитата при работа
- Соработува со надлежните републички и општински инспекциски служби од областа на безбедност и здравје при работа и животна средина
- Соработува со специјализирани медицински установи со цел организирање систематски прегледи на работниците, ја следи здравствената состојба на вработните и води евиденција за истото
- Организира, обезбедува опрема за лична заштита за вработените и нејзина употреба и води евиденција за истото

- Врши контрола на градежните објекти и укажува на можни опасности предизвикани од неисправноста на уредите и орудијата за работа  или неприменување на мерките за заштита при работа.
- Предлага забрана за изведување одредени работи на објекти и погони ако тие непосредно се опасни по животот и здравјето на работниците
- Спроведува повреда на работа на работно место, изготвува анализи за повредите, професионалните и општи заболувања, предлага мерки за превенција од истите
- Соработува со Главниот изведувач и Надзорните органи од областа на безбедност и здравје при работа и животна средина
- Спроведува мерки за заштита на вработените согласно Законска регулатива и барањата на Проектот
- Спроведува на мониторинг во животна средина од акредитирана компанија за мерење во животна средина
- Изработка на месечни, квартални годишни извештаи согласно барањата на Проектот
- Спроведува постапки поврзани со социјални аспекти
- Ги спроведува сите мерки за заштита на вработените согласно Закон за безбедност и здравје при работа и сите подзаконски акти
- Ги спроведува сите мерки за заштита на вработените согласно Закон за животна средина, останатите закони од областа и подзаконските акти

Компанијата нуди:

- Работен однос на определено време од  3 месец со можност за продолжување
- Работа на Проект Кичево-Охрид и можност за работа на други проекти

Личен профил:

- Организираност и одговорност
- Способност за тимска работа
- Лојалност, иницијативност, темелност, енергичност,
- Учење и развој
- Способност за работа под притисок и на кратки рокови

Кандидатите покрај наведените услови, потребно е да ги исполнуваат и општите услови предвидени со Закон. Работата од огласеното работно место ќе се одвива од понеделник до петок со полно работно време (8 часа) од 08:00 до 16:00 часот. Изборот на кандидатите треба да се изврши во рок од 30 дена.
Огласот трае десет работни дена од објавувањето.

Молбите за работа доставете ги во ГД,,Гранит,,АД-Дирекција Скопје на ул. Димитрие Чуповски бр.8, или на E-mail: jobs@granit.mk.

Со самото аплицирање на овој оглас, давате согласност вашите податоци да бидат задржани во базата на податоци на компанијата и користени од наша страна во рок од 6 (шест) месеци.

Само одреден број кандидати кои ги исполнуваат бараните критериуми ќе бидат повикани на интервју.